Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 22 и член 25 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/18) министерот за образование и наука донесе скаратена наставна програма по наставниот предмет **руски јазик (втор странски јазик)** за **I (прва) година** образование од средното стручно образование со четиригодишно траење, за учебната 2020/21 година.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

**Скратена**
**Наставна програма**

# РУСКИ ЈАЗИК

**(Втор странски јазик)**

**модуларно дизајнирана**

**за I година**

**Хотелско-туристички техничар, Угостителски техничар, Угостителски техничар за рурален туризам, Техничар за настани и анимации, , Економски техничар, Правен техничар, Бизнис администратор, Техничар за моделирање на облека, Техничар за дизајн на облека, Техничар за моделирање на обувки**

**образовен профил / квалификација**

**Угостителско-туристичка/Угостителство и туризам, Економско-правна и трговска/Економија, право и трговија,**

**Текстилно-кожарска/Текстил, кожа и слични производи**

**струка / сектор**

**Скопје, 2020 година**

1. **Вовед**

Скратената наставна програма по наставниот предмет **руски јазик - втор странски јазик** (модуларно дизајнирана) се базира на целите предвидени со наставната програма за наставниот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.

Со скратената програма се утврдуваат определени теми и наставни единици што треба да се реализираат за 159 наставни денови со времетраење на часот од 35 минути, при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, 2 часа неделно, односно вкупно 64 часа во скратената програма.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од резултатите од учење, содржини и поими (примери), активности и методи и критериуми на оценување, утврдени во редовната наставна програма.

2. **Преглед на модуларни единици**[1]

- СЛУШАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ
- ЧИТАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ
- ГОВОРНА ПРОДУКЦИЈА И ИНТЕРАКЦИЈА
- ПИСМЕНО ИЗРАЗУВАЊЕ

---

[1] Во однос на дадените модуларни единици и понудениот фонд на часови со скратената наставна програма, наставникот/наставничката прави проценка за начинот и длабочината на обработка на секоја модуларна единица поединечно, притоа земајќи го предвид интегрираниот и избалансираниот пристап при изучување на сите јазични елементи.

## 3. Дидактички препораки

**Целта на овие дидактички препораки е да помогнат на наставникот/наставничката да ги постигне поставените резултати од учење на редовната наставна програма за I (прва) година (модуларно дизајнирана) од средното стручно обарзование со помош на оваа скратена наставна програма, која ќе биде патоказ за најбитните елементи кои треба да се опфатат. Појдовна основа за реализација на скратената наставна програма по наставниот предмет руски јазик (втор странски јазик) е редовната наставна програма (резултатите од учење, содржините и поимите (примери), активностите и методите и критериумите на оценување).**

Во планирањето на наставата за прва година земени се предвид содржините во наставните програми по другите предмети кои се изучуваат во прва година, односно почитуван е принципот на меѓупредметно поврзување во однос на целите и содржините со акцент на интегрирано поврзување со содржини од мајчиниот јазик.

Фокус на вниманието на современата настава е ученикот/ученичката и процесот на учење. Треба да се почитуваат возраста, потребите, интересите на учениците. Наставникот/наставничката не е повеќе единствен извор на знаења и информации и неговата улога не е само пренесување на знаења. Неговата/нејзината улога е да ги поттикнува учениците да користат и други извори на знаења и информации и да ги учи како да учат.

При изборот на активностите треба да се води сметка за диференцијацијата и разновидноста. Треба да се одберат или адаптираат активности кои би одговарале на различните стилови на учење (визуелен, аудитивен, кинестетички); различните видови интелигенција (вербална-лингвистичка, математичко-логичка, музичко-ритмичка, визуелно просторна и други), како и на нивоата на знаењата на учениците.

Треба да се има предвид дека менувањето на различни форми на работа во наставата (фронтална, индивидуална и работа во парови и групи, истражувачка работа, работилници), како и менувањето на пократки и подолги, побучни и потивки активности, периодите на сконцентрирано внимание и опуштање на учениците за време на часот, ја подобруваат мотивацијата за учење. Наставата по руски јазик се заснова на холистичко учење кое ги опфаќа когнитивните, афективните и моторните аспекти на учениците, односно наставникот/наставничката ќе ги интегрира различните компоненти со што јазикот ќе се учи на функционален начин.

Согласно горенаведеното, по странски јазик не можат да се издвојат, односно не е можно да се планира бројот на часови по одделни компоненти.

Наставата за оваа возрасна група се ориентира на когнитивното учење со зголемена експликација на јазичните структури со свесна примена на јазичните структури во контекст и постапно воведување на граматичкиот метајазик.

Во овој период се настојува воедначено да се развиваат говорната и писмената комуникација. Тоа значи дека се обрнува подеднакво внимание на сите јазични вештини: Слушање и Читање, Зборување како од аспект на говорна интеракција, така и од аспект на говорна продукција, како и вештината Пишување.

Наставникот/наставничката треба да ја поттикнува и развива автономијата на учениците преку активности и задачи кои ги оспособуваат учениците да ја преземат одговорноста за своето сопствено учење и знаењето кое го стекнуваат во формален контекст на учење (во училница) и да го користат надвор од неа. Од ова произлегува дека на часовите по руски јазик се стекнуваат основни јазични и социопрагматични знаења и знаења кои се врзани со самиот процес на учење.

Од сето наведено произлегува дека наставникот/наставничката треба да ги учи учениците како полесно и побрзо да учат, како да го сочуваат наученото и како да го користат знаењето во нови ситуации, надвор од училницата.

Наставникот/наставничката треба да ги запознава учениците со целите и содржините на активностите/задачите/материјалите и стратегиите на учење кои тие ги применуваат на повисоките нивоа на учење.

Од наставникот/наставничката се очекува да ги учи учениците да развиваат и применуваат стратегии на успешно учење.

**Како и во редовната наставната програма, која е поставена на јазичните вештини (слушање со разбирање, читање со разбирање, говорно изразување и писмено изразување), претставени како модуларни единици и во рамките на скратената програма се препорачува јазичните компоненти (јазични функции, лексички единици, граматички структури и интеркултурни содржини) да се усвојуваат интегрирано со јазичните вештини. Со оглед на тоа што оваа наставна програма е наменета за средно стручно образование, се препорачува наставникот/наставничката да стави акцент на јазичните функции и лексичките единици кои се релевантни за дадената струка, со тоа што ќе направи редукција на општата лексика. Да се намали бројот на наставни часови предвиден со редовната наставна програма за увежбување на изучените содржини, а активностите да бидат интегрирани во часовите предвидени за новите наставни содржини.**

**Би требало да се напомене дека со оваа скратена програма по руски јазик и дадениот број часови по одделни модуларни единици може да се менува, односно му/ѝ се остава на слобода наставникот/наставничката за начинот на организацијата на наставата и на часовите, преку поврзување со веќе наученото, како и фузирање на наставни единици, предвидени со редовната наставна програма.**

4. **Норматив за наставен кадар**

Скратената наставна програма ја реализира наставник/наставничка согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната настава програма.

Скратената наставна програма по наставниот предмет **руски јазик (втор странски јазик)** за **I (прва) година** од средното стручно образование со четиригодишно траење ја утврди

**Арх. Бр. 13-9335/1**

**16.9.2020 година**

**Министер за образование и наука,**

**Мила Царовска**